Министерство
за финансии

# КАКО ДО
# ПРАВЕДЕН ДАНОЧЕН СИСТЕМ?

Данокот на доход во Македонија е меѓу најниските во Европа. Затоа и буџетските приходи се меѓу најниските во Европа, што ја остава земјата без доволно средства за квалитетно здравство, образование и социјална заштита.

**Највисока стапка на данок на доход во европските земји**




Извор на податоци:
Министерства за финансии на земјите и Меѓународен монетарен фонд




Дополнително, Македонија има највисока социјална нееднаквост во Европа, при што разликите помеѓу најдоходовните 1% од населението и останатите почнуваат да растат токму по воведувањето на рамниот данок.

**Учество на најдоходовни 1% во вкупен доход, во проценти**

Извор на податоци:
Стандардизирана датабаза за доходовна нееднаквост во светот, верзија 4

Од овие причини, предлагаме враќање на прогресивниот данок на доход. За доходот до 90.000 денари месечно, данокот на доход би останал 10% како и до сега, додека за делот од доходот кој надминува 90.000 денари месечно, би се плаќале дополнителни 8%.



## КАКО ДО **ПРАВЕДЕН ДАНОЧЕН СИСТЕМ?**

Прагот од 90.000 е избран затоа што одговара на најдоходовните 1% од населението во Македонија. Најдоходовните 1% имаат пониска вкупна ефективна даночна стапка од останатите.

**Вкупна ефективна даночна стапка* за различни доходовни групи**




Извор на податоци:
Министерство за финансии

* Вкупната ефективна даночна стапка ги вклучува данокот на доход и придонесите за социјално осигурување

**Нето-плата пред и по реформата за иста бруто-плата**




Бруто-плата од 140.000 денари, со постојниот даночен систем е еднаква на 92.733 денари нето, додека по предложените промени, таа би изнесувала 92.444 денари нето. Тоа значи дека дополнителниот данок за бруто-плата од 140.000 денари е 289 денари, односно 0,2% од бруто-платата.

Со реформата се очекува да се обезбедат дополнителни 25 милиони евра. Со ова, ќе се обезбедат средства за подобрување на квалитетот на јавните услуги, како образование и здравство, како и за подобрување на социјалната заштита.





